Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Бр. 102-2848/7
14.04.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
Бр.-Nr. 102-2848/7
14.04. 2021 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основ на член 119 став 1 точка 3, и став 8 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/2019) и член 17 од Договорот за набавка на услуги, број 102-3314/1 од 26.02.2020 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 1202-419/1 од 24.02.2020 година на Градежен институт Македонија АД – Скопје како Носител на групата) и Икар Консулт – АД Софија за „Надзор на градежни работи за изградба на постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци “, а во врска со доставеното барање од Изведувачот и Надзорниот орган и барањето за склучување на анекс договор од 08.04.2021 година на ден 08.04.2021 година се склучува следниот:

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА АД
Бр. 1202-88/21
08.04 2021 год.
СКОПЈЕ

АНЕКС БР.1
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Arjanit Hoxha (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2. Група понудувачи: Градежен институт „Македонија” А.Д Скопје, ЕДБ 4030975274722, ЕМБС 4067533, (како Носител на групата) и Икар Консулт – АД Софија, со седиште на ул.Димитар Шишманов бр.11, 1612 Софија Р Бугарија (како Партнер), застапувани од Генералниот директор Влатко Иванов, (во понатамошниот текст: Вршител на услугата) од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс кон Договорот за набавка на услуги „Надзор на градежни работи за изградба на постројка за пресиствување на вода за пиење во општина Карбинци“, се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на временската рамка на договорот, односно се врши измена на Член 4 од основниот договор.

Член 2

Рокот за извршување на услугата се продолжува.

Согласно промената новиот текст гласи:

„ Услугите да се изведат во согласност со законските прописи за вршење на ваков вид работи (законот за градење), тендерската документација, техничката спецификација и доставената понуда.

Рокот за извршување на услугата за вршење на надзор над извршување на работите започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на вршителот на услугата во работа од страна на нарачателот, а трае до целосно извршување на работите, што се предмет на надзор.

Рокот на извршување на работите, што се предмет на надзор е 14 календарски месеци, односно до 26.05.2021 и започнува да тече од денот на воведувањето на Изведувачот во работа од страна на надзорниот инженер и завршува со целосно извршување на работите и доставување

на Завршен извештај за извршениот надзор над градбата доставени до Договорниот орган – Нарачателот од страна на понудувачот- вршителот на услугата".

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Вршителот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни

Член 5

Овој Анекс бр.1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни односно од 08.04.2021 година.

Член 6

Овој Анекс бр. 1 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Вршителот на услугата.

НАРАЧАТЕЛ,

Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Министер,
Arjanit Hoxha

НОСИТЕЛ НА ГРУПАТА,
ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА
Градежен институт Македонија
АД Скопје
Генерален Директор,
Влатко Иванов